# KOTRIMOKSAZOL / КОТРИМОКСАЗОЛ

(co-trimoxazole)

таблети од 480 mg
таблети од 120 mg
перорална суспензија 100 ml (240 mg/5 ml)

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите*

*Активни супстанци* во КОТРИМОКСАЗОЛ таблетите и пероралната суспензијата се сулфаметоксазол и триметоприм.
Една таблета од 480 mg содржи 400 mg сулфаметоксазол и 80 mg триметоприм.
Една таблета од 120 mg содржи 100 mg сулфаметоксазол и 20 mg триметоприм.
*Помошни супстанци во таблетите:* лактоза монохидрат, повидон, докузат натриум (таблети од 120 mg), кроскармелоза натриум магнезиум стеарат, натриум лаурил сулфат

5 ml перорална суспензија содржи 200 mg сулфаметоксазол и 40 mg триметоприм
*Помошни супстанци во пероралната суспензија:* сахароза, сорбитол, глицерол, пропилен гликол, метил парахидрокси бензоат, пропил парахидрокси бензоат, лимонска киселина, натриум цитрат, етанол, микрокристална целулоза, ксантан гума, арома цреша, полисорбат 80, боја: розева Е 122, пречистена вода

*Пакувања:*

*Број и датум на решението за промет*

Кутија со 20 таблети од 480 mg (2 блистери)
Кутија со 20 таблети од 120 mg (2 блистери)
Шише со 100 ml суспензија (240 mg/5 ml)

**Име и адреса на производителот и носител на одобрение за ставање во промет**:
АД ЈАКА 80 Радовиш
Производна локација: "Првомајска" б.б.
Република Македонија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**1. Што претставува лекот КОТРИМОКСАЗОЛ и за што се употребува**
Котримоксазол е антибиотик кој се состои од две компоненти: сулфаметоксазол и триметоприм. Оваа комбинација се користи за третман на инфекции со разни микроорганизми. Котримоксазол се употребува за третман на: инфекции на уринарниот тракт ( мочен меур, бубрези, мочни патишта), инфекции на органите за дишење, грлото, синусите, крајниците (тонзили), средото уво, инфекции на системот за варење (бактериска дизентерија, тифус, паратифус, колера), венерични и генитални инфекции (болести и инфекции на половите органи)

**2. Што треба да знаете пред да го земете лекот КОТРИМОКСАЗОЛ**

**Немојте да го земате лекот КОТРИМОКСАЗОЛ**:
- ако сте алергични на сулфаметоксазол, триметоприм или на некоја од помошните супстанци наведени во ова упатство,
- ако имате тешко оштетување на бубрежната или црнодробната функција,
- ако имате тешко пореметување на хематопоетскиот систем (систем одговорен за создавање на крвните клетки),
- ако сте бремени или доите,

Котримоксазол не се дава на недоносени и новороденчиња во првите два месеци од животот.

**Бидете посебно внимателни со лекот КОТРИМОКСАЗОЛ**:
- ако имате бубрежно оштетување, неопходно е прилагодување на дозата од страна на лекар,
- ако подолго време примате котримоксазол, неопходни се редовни контроли на крвната слика,
- ако земате некој други лекови погледнете во делот **Земање на други лекови**.

Ве молиме да се посоветувате со доктор и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас било кога во минатото.

**Земање на лекот со храна или со пијалок**
Советувајте се со вашиот доктор за начинот на земање на лекот. Котримоксазол може да се зема со или без храна.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.*

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**
Кај некои пациенти котримоксазол може да предизвика зашеметеност, доколку ова ви се случи Вам, бидете внимателни при возење на автомобил или ракување со машини.

**Земање на други лекови (на што треба да се внимава ако употребувате други лекови)**
*Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*
*Ве молиме да имате во предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние препарати кои што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.*
Особено е важно ако истовремено земате:

- *фенитоин*
- *варфарин*
- *метотрексат*
- *диуретици (лекови за измокрување)*

**3. Како да се зема лекот**

*Строго придржувајте се кон упатствата на докторот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со доктор.*

*Возрасни и деца постари од 12 години:* 2 таблети од 480 mg секои 12 часа. При продолжено лечење (подолго од 14 дена) се дава 1 таблета од 480 mg два пати дневно.

*Деца:* Вообичаена дневна доза е 40 mg/kg сулфометоксазол, а 8 mg/kg триметоприм, поделена во две дози.
*Деца од 2 до 6 месеци:* 1 / 2 лажичка суспензија два пати дневно.
*Деца од 6 месеци до 2 години:* 1 / 2 - 1 лажичка суспензија или 1 таблета од 120 mg два пати дневно.
*Деца од 2 до 6 години:* 1 лажичка суспензија или 2 таблети од 120 mg два пати дневно.
*Деца од 6 до 12 години:* 2 лажички суспензија или 4 таблети од 120 mg или 1 таблета од 480 mg два пати дневно.
*Посебно дозирање:*

*Терапија на гонорea:* 4 таблети од 480 mg на секои 12 часа во тек на два дена.

Министерство за здравство

*Следете ги инструкциите освен ако Вашиот доктор не ви препорачал поинаку.*

*Не заборавајте да го земете лекот.*

*Ако имате впечаток дека ефектот на лекот е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот доктор или фармацевт.*

**Ако сте земале поголема доза од лекот отколку што треба (предозирање):**

*Ако сте земале/употребиле поголема доза од лекот отколку што треба веднаш треба да се посоветувате со Вашиот доктор или фармацевт.*

**Ако сте заборавиле да го земете лекот КОТРИМОКСАЗОЛ:**
*Земете ја пропуштената доза колку што е можно побрзо.*
*Ако е речиси дојдено времето за земање на следната доза, почекајте додека да дојде времето за истата и земете ја, а прескокнете ја пропуштената доза.*
*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза*

**4. Можни несакани дејства**
*Како и сите лекови, Котримоксазол може да има несакани дејства.*

*Ако се случи било што од долунаведеното, веднаш престанете со земањето на лекот и за истото веднаш известете го Вашиот доктор или одете во ургентното одделение во најблиската болница:*

- Отекување на лице, усни или грло што може да предизвика тешкотии при голтањето или дишењето,
- Исип/ егзантема,

Сите овие се многу сериозни несакани дејства. Ако се појават кај Вас, тоа покажува многу сериозна алергиска реакција на лекот. Во таков случај Ви е потребна итна медицинска помош или хоспитализација.
Сите овие многу сериозни несакани дејства се многу ретки.

*Ако забележите некои од следниве симптоми, веднаш известете го вашиот доктор или одете во ургентното одделение во најблиската болница:*

- пожолтување на очите или кожата (жолтица),
- појава на невообичаеин крварења или модрици,
- нагло покачување на температурата, треска.

МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Сите овие се сериозни несакани дејства, за кои е потребна итна медицинска помош.
Сериозните несакани дејства се ретки.

*Известете го Вашиот доктор ако забележите:*

- мачнина,
- повраќање,
- слабеење,
- главоболка,
- замор,
- дијареа,
- зашеметеност,
- вртоглавица.

Сите овие се слаби несакани дејства на КОТРИМОКСАЗОЛ.

*Ако забележите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт.*

**5. Чување на лекот**

**Да се чува на температура до 25° С, заштитено од светлина.**
**ЛЕКОТ ЧУВАЈТЕ ГО НА МЕСТА НЕДОСТАПНИ ЗА ДЕЦА!**
*Перорална суспензија:*
**ПРОТРЕСЕТЕ ДОБРО ПРЕД УПОТРЕБА.**

**Рок на употреба**
2 години
*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на кутијата и на блистерот.*

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава само врз основа на рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
*Внатрешното упатство е одобрено на* ______________

Скопје, август, 2007 г.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО * СКОПЈЕ *